„,Навистина ќе ги следите постапките на оние пред вас, педа по педа, лакт по лакт

Ебу Сеид ел Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „,Навистина ќе ги следите постапките на оние пред вас, педа по педа, лакт по лакт, до тој степен што, ако тие влезат во дупка на гуштер, и вие ќе ги следите.‘ Рековме: ‚О Божји пратенику, дали мислиш на евреите и христијаните?‘ Тој одговори: ‚На кој друг (би мислел) ако не (мислам) на нив?‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува за состојбата на дел од неговиот умет по неговото време, нагласувајќи дека тие ќе ги следат постапките на евреите и христијаните во нивните верувања, дела, обичаи и традиции со извонредна точност и прецизност. Следење на народите пред нас ќе биде до таа мерка, што дури и ако тие влезат во дупка на гуштер, и тие ќе влезат по нив.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3355